лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001, 075 211 406; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

## Total T3 – Тотален тријодтиронин

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Тест за квантитативно определување на вкупниот циркулирачки Т3 тријодтиронин во серумот, како помош во клиничката проценка на тироидниот статус. |
| **Примерок:** | Венска или капиларна крв. |
| **Подготовка пред земање на примерок:** | За повеќето лабораториски испитувања на крвта неопходна е припрема која подразбира земање на примерок ( на празен стомак ) наутро, 12 часа од последниот оброк. Ова е неопходно затоа што консумацијата на храна во периодот пред земањето на крвта доведува до пораст на концентрацијата на глукоза, холестерол, липиди, протеини, железо и други метаболити.<br><br>За да се добијат веродостојни резултати, во договор со лекарот, вадењето на крвта треба да се врши после прекин со терапијата и wash out периодот ( времето неопходно целиот лек да се исфрли од организмот и реално се одредат нови базални вредности ) – ова особено се однесува на терапија со железо, витамински препарати, хормонска терапија и др. |
| **Референтни вредности:** | 81 - 178 ng/dl |
| **Забелешка:** | Тријодтиронин (Т3) е хормон кој се создава и лачи од тироидната жлезда и се формира со периферна дејодинација на Т4. Има важна улога во регулација на метаболизмот. Во циркулацијата, 99.7% од Т3 се наоѓа реверзибилно врзан за транспортни протеини. Неврзаниот, слободниот Т3 е метаболички активен.<br><br>Како тест, се користи да се провери дали тироидната жлезда функционира правилно. Примарно, тој се врши при сомнеж за хипертиреоидизам, а се употребува исто така и за следење на |

лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА

Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001, 075 211 406; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

| | |
|---|---|
| | евентуална прогресија кај пациенти со веќе познато тироидно заболување. FT3 обично се прави после абнормален резултат за TSH и FT4 , а исто така и заедно со тестовите за тироидни антитела во дијагнозата на Graves-ова болест. |

* неакредитирани